Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 25.07.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за вршење на техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б82.23, (дел од КП 11437 и КП 16903/3 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен до одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.)

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б82.23, (дел од КП 11437 и КП 16903/3 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен до одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), по добиеното позитивно мислење бр. 22-567/2 од 19.06.2026г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 08-207/1 од 22.01.2026 година од градоначалникот на општина Кочани.
Предмет на техничката исправка е корекција на нумеричките показатели за градежната парцела ГП Б82.23 во табелите од нумеричкиот дел на Измена и дополнување на ДУП за град Кочани ( донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), односно:
- Во табеларниот приказ со нумеричи показатели од Планска документација на Измена и дополнување на Детален урбанистички план на град Кочани ( донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), „ Детален лист 25“ во табелата „ БРОЈ БЛОК Б82 “, во податоците за ГП 23, ред 23, колона 4 - ( ПОВРШИНА НА ГП), бројот ” 338 “ се заменува со бројот ” 405 “, колона 5 - (ИЗГРАДЕНОСТ М2), бројот ” 98 “ се заменува со бројот ”108“, колона 6 - (ИЗГРАДЕНОСТ %) бројот ” 29 “ се заменува со бројот ” 27 “ и колона 7 (к) бројот ” 0,9 “ се заменува со бројот ” 0,5 “.

Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б82.23 за дел од КП 11437 и КП 16903/3 КО Кочани од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), со технички бр. 112/26 – У од јуни 2026 г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, е составен дел на Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кочани”

Бр.09 - 1346/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за непроширување на плански опфат во идната урбанистичко - планска документација за бесправно изградени објекти на КП.4446/1 во КО.Кочани и на КП.80/3 КО.Бели, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 1

Се утврдува непроширување на плански опфат во идната урбанистичко -планска документација за бесправно изградени објекти на КП.4446/1 во КО.Кочани и на КП.80/3 КО.Бели, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 2

1. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изградените објекти изградени надвор од плански опфат со намена - фарма (Ф2) означен како како зграда 1, фарма (Ф2) означен како како зграда 2 и фарма (Ф2) означен како како зграда 3, сите изградени на КП.4446/1 во КО.Кочани запишана во ИЛ.1 за КО.Кочани.
2. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација нема да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изградените објекти изградени надвор од плански опфат со намена - фарма (Ф2) означен како како зграда 1 и фарма (Ф5) означен како како зграда 2, изградени на КП.80/3 во КО.Бели запишана во ИЛ.168 за КО.Бели.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1347/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП.9346 во КО.Кочани, КП.13286/1 во КО.Кочани и на КП.13286/2 во КО.Кочани, чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдена во важечката урбанистичко-планска документација.

Член 1

Се утврдува неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП.9346 во КО.Кочани, КП.13286/1 во КО.Кочани и на КП.13286/2 во КО.Кочани, чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдени во важечката урбанистичко-планска документација.

Член 2

1. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да не се изврши усогласување на намена – Џамија (В5-2), дефинирана со ДУП за ГЧ6 од ГУП за град Кочани, Тех. бр. 0801/465-17, донесен со Одлука бр.09-795/1 од 22.04.2024 год., заради вклопување на бесправно изградените објекти, означени како зграда број 2 и зграда број 3 со намена Џамија (В5-2), изградени на КП.9346 во КО.Кочани запишана во ИЛ.19405 за КО.Кочани.

2. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да не се изврши усогласување на намена – индивидуална станбена зграда (А1-1) и шупа (А5-3), дефинирана со ДУП за ГЧ6 од ГУП за град Кочани, Тех. бр. 0801/465-17, донесен со Одлука бр.09-795/1 од 22.04.2024 год., заради вклопување на бесправно изградените објекти, означени како зграда број 1 и зграда број 2 со намена индивидуална станбена зграда (А1-1) и шупа (А5-3), изградени на КП.13286/1 во КО.Кочани запишана во ИЛ.2694 за КО.Кочани и на КП.13286/2 во КО.Кочани запишана во ИЛ.2694 за КО.Кочани.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани„.

Бр.09 - 1348/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти на КП.926/2 во КО.Лешки, КП.458/1 во КО.Пашаџиково, КП.1647/2, КП.1648, КП.1529, КП.1651/1 и КП.1650 во КО.Нивичани, КП.1063 во КО.Тркање, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 1

Се утврдува проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП.926/2 во КО.Лешки, КП.458/1 во КО.Пашаџиково, КП.1647/2, КП.1648, КП.1529, КП.1651/1 и КП.1650 во КО.Нивичани, КП.1063 во КО.Тркање, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 2

1. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена викенд куќа (А4-3), означен како зграда 1, изграден на КП.926/2 во КО.Лешки запишана во ИЛ.588 за КО.Лешки.
2. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена викенд куќа (А4-3), означен како зграда 1, изграден на КП.458/1 во КО.Пашаџиково запишана во ИЛ.128 за КО.Пашаџиково.
3. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), означен како зграда 1, изграден на КП.1650 во КО.Нивичани запишана во ИЛ.324 за КО.Нивичани.
4. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), означен како зграда 1, изграден на КП.1651/1 во КО.Нивичани запишана во ИЛ.308 за КО.Нивичани.
5. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), означен како зграда 1, изграден на КП.1529 во КО.Нивичани запишана во ИЛ.293 за КО.Нивичани и помошна зграда (А5-4) означена како зграда 2, изградена на КП.1529 во КО.Нивичани запишана во ИЛ.293 за КО.Нивичани.

6. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), означен како зграда 1, КП.1647/2 во КО.Нивичани запишана во ИЛ.647 за КО.Нивичани и на КП.1648 во КО.Нивичани запишана во ИЛ.647 за КО.Нивичани.

7. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат

заради вклопување на бесправно изграден објект со намена лесна и незагадувачка индустрија (Г2-1), означен како зграда 1, изграден на КП.1063 во КО.Тркање запишана во ИЛ.1520 за КО.Тркање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1349/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), а во врска со членот 3 став 1, точка 4; членот 6 и членот 7, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), членот 6, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 25.07.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за примање донација од ДТП Макпрогрес ДОО- Виница и други

Член 1

Со оваа Одлука се давање согласност за примање донација од ДТП Макпрогрес ДОО- Виница и други за санација и одржување на „Градската депонија“ во Кочани

Член 2

Донаторите ќе можат средствата да ги уплаќаат на сметка на Буџетот на Општина Кочани.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1351/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 16/25 и 134/26), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Кочани

Член 1

По повод одржување на музички настан од Здруженијата: „Шпајз“ и „Расплет“ на ден 08.08.2026 година со почеток од 12:00 часот на локацијата Споменик на слободата – Кочани, се продолжува работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Кочани за два часа на ден 09.08.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1352/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Репшублика Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2026 година во периодот од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2026 година во периодот од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1324/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работењето на КЈП „Водовод“ – Кочани за период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година

I.

Се усвојува Извештајот за финансиско работење на КЈП „Водовод“ – Кочани за периодот од 01.01.2025 година, до 31.12.2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1326/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.202 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за финансиското работење на КЈП „Водовод“ – Кочани за период од 01.01 до 31.12.2025 година

I.

Се усвојува Извештајот за финансиско работење на КЈП „Водовод“ – Кочани за периодот од 01.01 до 31.12.2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1327/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Завршна сметка на КЈП „Водовод“ - Кочани за 2025 година

I.

Се усвојува Завршната сметка на КЈП „Водовод“ - Кочани за 2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1328/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2026 година

I

Се усвојува Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2026 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1329/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Кочани за период II-квартал 2026 година

I

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на општина Кочани за период II-квартал 2025 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1330/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 40 став 5 и став 7 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019; 76/2020; 229/2020; 3/2025; 74/2025; 250/2025; 250/2025 И 111/2026), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност за организирање на продолжен престој на ученици од прво до трето одделение во ООУ„Крсте Петков Мисирков“ с. Оризари-Кочани

I.

Се дава согласност за организирање на продолжен престој на ученици од прво до трето одделение во ООУ„Крсте Петков Мисирков“ с. Оризари-Кочани.

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09 - 1345/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување ницијатива за основање јавна установа музеј на град Кочани

I.

Се усвојува Иницијативата за основање јавна установа музеј на град Кочани, заведена наш број. 03-99/71 од 24.07.2026 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09 - 1353/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

I.

Советот на Општина Кочани го задолжува предлагачот и изготвувачот на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на градот Кочани да ги вгради и прецизира забелешките и предлозите изнесени во расправата, особено во делот на поставувањето на соодветна вертикална сообраќајна сигнализација и табли за резидентно паркирање, утврдувањето на режимот на користење на резидентните паркинг-места, како и ставањето во функција на новоизградените паркинг-места на улиците „Маршал Тито", „Кеј на Револуцијата" и „Теодосија Паунов", со цел подобрување на организацијата на сообраќајот и поефикасно функционирање на јавните паркиралишта.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09 - 1354/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

I.

Советот на Општина Кочани бара општината Кочани за преземе мерки и активности за подобрување на безбедноста на граѓаните и возилата на патот од Град Кочани до Брана Градче.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1355/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за вонредно испитување на квалитетот на водата за пиење од водоснабдителниот систем , односно од Фабриката за вода во Кочани

I.

Советот на Општина Кочани бара од КЈП„Водовод“- Кочани, вонредно да се испита квалитетот на водата за пиење од водоснабдителниот систем , односно од Фабриката за вода во Кочани, при што да се испитаат мостри од водата пред влезот во Фабриката за вода, излезот од истата и од крајните корисници на вода за пиење .

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1355/2
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник“ на Република Македонија бр.05/02 и „Службен весник“ на Република Северна Македонија бр.202/24), а во врска со член 17-а став 4 и членовите 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник„ на Република Македонија бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/2026) и согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на Јавно претпријтие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите

(„Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213/24) Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање на Комисија за селекција на членови на кандидати за управен и надзорен одбор на Јавно претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување, вршење на јавен превоз на патници и превоз на ученици „Светлина Ко 2022“- Кочани

Член 1

Се формира Комисија за селекција (во натамошниот текст Комисијата) на пријавени кандидати за членови на управен и надзорен одбор на ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани , од кои претседател и негов заменик од редот на вработените во Општина Кочани, еден член и негов заменик од вработените во организациона единица за управување со човечки ресурси во општина Кочани и еден член и негов заменик од вработените во ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани во следниот состав:

1. Венцо Бојков - Претседател на Комисијата со заменик - Славица Давиткова
2. Мартина Митевска Ѓоргиев - Член на Комисијата со заменик Анна Кралева
3. Наташка Ѓеоргиева - Член на Комисијата со заменик Билјана Стоилова

Во случај на спреченост на претседателот или членот на Комисијата, го заменува неговиот заменик.

Член 2

Комисијата од членот 1 ја врши постапката за селекција на пристигнатите пријави на кандидати за членови на управниот и надзорниот одбор на ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани согласно Законот за јавните претпријатија односно:

- врши административна селекција - проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени со Јавниот повик, проверка на доставените докази и нивно бодување,
- спроведува интервју со кандидатите штоуспешнојапоминалеадминистративната селекција најдоцна 10 дена од завршувањето на административната селекција, и

подготвува и до Советот на Општина Кочани (основачот на јавното претпријатие) доставува ранг листа од најмногу 10 најдобро рангирани кандидати за членови на управниот, односно надзорниот одбор на ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани , најдоцна 10 дена од денот на завршувањето на интервјуто.

Врз основа на ранг-листата комисијата изготвува предлог на кандидати за членови на управниот, односно надзорниот одбор на ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани и ја доставува до Советот на Општина Кочани (основачот на јавното претпријатие) заради донесување на одлука за именување на членови на управниот, односно надзорниот одбор на ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани.

Член 3

Комисијата за селекција се формира за период од 4 (четири) години, сметано од денот на донесување на ова Решение.

Член 4

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1343/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 55, став 1 од Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани", бр.3/06,4/08,6/08, 7/010 и 10/014), а во согласност со членот 7 став 3 од Одлуката за наградите на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.9/010 и 06/018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на членовите и именување членови на Одборот за доделување награди на Општина Кочани.

I

Од членови на Одборот за доделување награди на општината Кочани се разрешуваат:
1. Љупчо Папазов - Градоначалник на Општина Кочани
2. Кристина Атанасова Арсова- вработена во НУ Центар за култура „Ацо Шопов"- Штип
3. Жаклина Филипова Свеќаровска – Член на Советот на Општина Кочани
4. Тодорка Таковска - Член на Советот на Општина Кочани
5. Александар Димитров - професор, вработен во СОУ „Љупчо Сантов"- Кочани
6. Ѓорги Серафимов - Претседател на Здружение на пензионери - Кочани
7.Голубинка Георгиева - Раководител на Одделение за јавни дејности во општинска администрација на Општина Кочани.

За членови на Одборот за доделување награди на Општина Кочани се именуваат:

1. Градоначалникот на Општина Кочани
2. Александар Андов- Претседател на Советот на Општина Кочани
3. Марија Ананиејва- Член на Советот на Општина Кочани
4. Александра Коцева- Член на Советот на Општина Кочани
5. Лазо Димитров
6. Наталија Теодосиева
7. Крсте Крстев

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09 - 1344/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на членот 106 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.161/2019, 229/202, 03/2025, 74/2025, 250/2025 И 111/2026), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување член на Училишниот одбор на ООМУ „Ристо Јуруков" – Кочани

I.

1.Од функцијата член на Училишниот одбор на ООМУ „Ристо Јуруков" – Кочани, се разрешува Сузана Петрушева.
2.Тања Медарска се именува за член на Училишниот одбор на ООМУ „Ристо Јуруков" – Кочани, од основачот.

II.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09 - 1350/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на член 17-а став 2 и член 26 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/2026) и согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на Јавно претпријтие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213/24 од 16.10.2024 година), Советот на Општина Кочани на 25.07.2026 година, донесе и објавува:

ЈАВЕН ПОВИК
за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен и надзорен одбор на Јавно претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување, вршење на јавен превоз на патници и превоз на ученици „Светлина Ко 2022“- Кочани

- НАЗИВ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈП : Совет на Општина Кочани

- НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ:

-Јавно претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување, вршење на јавен превоз на патници и превоз на ученици „Светлина Ко 2022“-Кочани, седиште на ул.„Раде Кратовче“ бр.1- Кочани

- ОСНОВ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ:

Избор на пет членови на Управниот Одбор на ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани и избор на три членови на надзорен одбор на ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани .

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на Јавно претпријтие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213/24 од 16.10.2024 година).

- ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Кочани www.kocani.gov.mk и на веб страната на ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани - (нема)

- УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на управен одбор и член на надзорен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен Vll степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен овие општи услови наведени во член 17 став (4) од Законот за јавни претпријатија, членовите на управниот одбор согласно член 17 став (5) од Законот за јавни претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиското работење,
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи/

А членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија освен претходно наведените услови кои се согласно член 26 став (2) од Законот за јавни претпријатија согласно член 26 став (3) треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот и на надзорниот одбор изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.
Членовите на управниот и на надзорниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

- ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ ДОСТАВЕНИ КАКО ДОКАЗ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ или ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани

- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
- Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VIl/1 степен образование,
- Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија
- Кратка биографија,
- Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

- НАЧИН И РОК НА ДОСТАВА НА ДОКАЗИТЕ / ПРИЈАВИТЕ

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:
Општина Кочани, ул„Раде Кратовче” бр.1, Кочани или во архива на Општина Кочани (со назнака: За Јавен повик за именување на член на управен и надзорен одбор на ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани , со точно назначување дали се пријавува како член за управен или за член на надзорен одбор на ЈП „Светлина Ко 2022 “- Кочани )
Јавниот повик се објавува на ден 27.07.2026 година и трае 5 (пет) работни дена, односно најдоцна до 31.07.2026 година.
Краен рок за поднесување на пријавите е 31 . 07. 2026 година.
Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот и надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

II.

Јавниот повик влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се применува од денот на објавувањето електронски на веб страницата на Општина Кочани, а ќе се објави и во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1342/1
25. 07.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

# СОДРЖИНА

1. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Кочани за 2026 година (ребаланс), Бр.09-1337/1
Стр.4
2. План за изменување и дополнување на План на програми за развој 2026-2028, Бр.09-1336/1
Стр.65
3. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1325/1
Стр.71
4. Програма за изменување на Програмата за изградба на јавно осветлување во Општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1331/1
Стр.73
5. Програма за изменување и дополнување на Програмата за поддршка на образованието на општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1332/1
Стр.74
6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба на системи за водоснабдување на општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1333/1
Стр.79
7. Програма за изменување на Програмата за изградба и одржување на општинскипатишта и улици во општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1334/1
Стр.79
8. Програма за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1335/1
Стр.80
9. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на висината на стапките на даноците на имот за подрачјето на општина Кочани, Бр.09-1338/1
Стр.81
10. Одлука за давање финансиска помош на Доброволното противпожарно друштво-Кочани, Бр.09-1339/1
Стр.81
11. Одлука за давање финансиска помош на Здружение за поддршка на талентирани деца и млади Бистри умови – Кочани, Бр.09-1340/1
Стр.82
12. Одлука за изменување на Одлуката за основање на јавно претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување, вршење на јавен превоз на патници и превоз на ученици, Бр.09-1341/1
Стр.82
13. Одлука за вршење на техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б82.23, (дел од КП 11437 и КП 16903/3 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен до одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), Бр.09-1346/1
Стр.83
14. Одлука за непроширување на плански опфат во идната урбанистичко - планска докумен-тација за бесправно изградени објекти на КП.4446/1 во КО.Кочани и на КП.80/3 КО.Бели, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-1347/1
Стр.84
15. Одлука за неусогласување на намените во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП.9346 во КО.Кочани, КП.13286/1 во КО.Кочани и на КП.13286/2 во КО.Кочани, чија намена не е во согласност

со намената на земјиштето на кое се изградени објектите утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, Бр.09-1348/1

Стр.84

16. Одлука за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти на КП.926/2 во КО.Лешки, КП.458/1 во КО.Пашаџиково, КП.1647/2, КП.1648, КП.1529, КП.1651/1 и КП.1650 во КО.Нивичани, КП.1063 во КО.Тркање, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-1349/1

Стр.85

17. Одлука за давање согласност за примање донација од ДТП Макпрогрес ДОО- Виница и други, Бр.09-1351/1

Стр.87

18. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-1352/1

Стр.87

19. Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2026 година во периодот од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година, Бр.09-1324/1

Стр.88

20. Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на КЈП „Водовод“ – Кочани за период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, Бр.09-1326/1

Стр.88

21. Заклучок за усвојување на Извештај за финансиското работење на КЈП „Водовод“ – Кочани за период од 01.01 до 31.12.2025 година, Бр.09-1327/1

Стр.89

22. Заклучок за усвојување на Завршна сметка на КЈП „Водовод“ - Кочани за 2025 година, Бр.09-1328/1

Стр.89

23. Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2026 година, Бр.09-1329/1

Стр.89

24. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Кочани за период II- квартал 2026 година, Бр.09-1330/1

Стр.90

25. Заклучок за давање согласност за организирање на продолжен престој на ученици од прво до трето одделение во ООУ„Крсте Петков Мисирков“ с. Оризари-Кочани, Бр.09-1345/1

Стр.90

26. Заклучок за усвојување ницијатива за основање јавна установа музеј на град Кочани, Бр.09-1353/1

Стр.91

27. Заклучок, Бр.09-1354/1

Стр.91

28. Заклучок, Бр.09-1355/1

Стр.92

29. Заклучок, Бр.09-1355/2

Стр.92

30. Решение за формирање на Комисија за селекција на членови на кандидати за управен и надзорен одбор на Јавно претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување, вршење на јавен превоз на патници и превоз на ученици „Светлина Ко 2022“- Кочани, Бр.09-1343/1

Стр.92

31. Решение за разрешување на членовите и именување членови на Одборот за доделување награди на Општина Кочани, Бр.09-1344/1

Стр.94

32. Решение за разрешување и именување член на Училишниот одбор на ООМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани, Бр.09-1350/1

Стр.94

33. Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен и надзорен одбор на Јавно претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување, вршење на јавен превоз на патници и превоз на ученици „Светлина Ко 2022“- Кочани, Бр.09-1342/1 Стр.95